РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД
Бр. 04-691/1
3.11 2025 год.
ОХРИД
Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk
Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Врз основа на член 110, 114 и 163 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/2018, 178/21, 58/24 и 124/25), член 301 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апсотол Павле“ Охрид, член 21 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори и врз основа на Одлука на наставно – научниот совет на Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, бр. 13-55/2 од 03.11.2025 година, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле” Охрид на ден 03.11.2025 година објавува

УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Распишува

ИНТЕРЕН КОНКУРС

за избор на 5 (пет) демонстратори на Факултет за комуникациски мрежи и безбедност за академската 2025/26

ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ

1.1 Демонстратор од научно поле 2.02. Електротехника, Електроника и информациско инженерство - (5 извршители)

Критериуми за избор:

На факултетот можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии.

Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.

За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).

За демонстратор на студиски програми од интегриран прв и втор циклус може да биде избран студент кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).

Посебните услови и постапката за изборот на демонстраторите, како и нивните права и обврски во наставно-образовниот процес се уредуваат со општ акт на универзитетот и општ акт на единицата на универзитетот.

Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма.

Универзитетот и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

Потребни документи за кандидатите за избор:

-пријава;
-потврда дека е студент на втор или трет циклус на студии;
-уверение за положени испити;

-кратка биографија;

Конкурсот трае 8 (осум) дена од денот на објавувањето.
Изборот ќе се изврши во рок од 8 (осум) дена од завршувањето на конкурсот.
Документите се доставуваат до архивата на Универзитетот.

Универзитет за информатички науки и технологии
„Св. Апостол Павле“ Охрид
Седиште: ул. Партизанска бб, Дом на АРМ, 6000 Охрид